РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-2100/2

Скопје 08.06.2021г.


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19, бр.154/19, 42/20), и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 248/18), а согласно член 20 став 1 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-2100/1 од 28.05.2021 година, поднесено од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство - Глас Против Насилство, [redacted] преку извршната директорка [redacted], на ден 04.06.2021 година донесе:

## РЕШЕНИЕ

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-2100/1 од 28.05.2021 година, од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство - Глас Против Насилство, [redacted], со кое се бараат следните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Дали Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изработи Годишен оперативен план за имплементација на НАП-от за ИК за 2021 година? Доколку да, дали е достапен на веб страната? Ве молиме доставете го или прикачете линк од негова објава.
2. Дали започнавте со спроведување на обуки на претставници на Советот за етика – СЕММ, АААВМУ и медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН?
3. Дали во партнерството со МТСП, МРТВ, МЗ и Владата на Република Северна Македонија започнавте со спроведување на национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги?

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

1. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26.01.2021 година го усвои Оперативниот план за 2021 година за реализирање на акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018-2023. Оперативниот план е објавен на веб-локацијата на АВМУ, достапен на следниот линк:
https://urlzs.com/Ra866

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

2. Во рамки на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС 2)" на 4 декември 2020 година во Скопје се одржа онлајн работилница за регулаторното тело за медиуми – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и саморегулаторното тело – Совет за етика во медиумите во Македонија. На работилницата учесниците/чките дискутираа за клучните факти и предизвици во врска со регулирањето, саморегулирањето и мониторингот на примената на стандардите за известување на медиумите за случаи на родово-базирано насилство.[2]

Исто така, во март и април 2021 година, вработени лица од Секторот за програмски работи учествуваа на тродневна обука за медиумски професионалци ХОПС – Опции за здрав живот Скопје (ХОПС) во партнерство со Коалиција Маргини и Националната мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство, во рамки на проектот "Different discourse better reality, media in combating gender based violence – strenghtening media literacy on gender based violence" поддржан од UNWomen во Скопје. Обуката беше поделена во три модули:

- Родово базирано насилство и маргинализирани групи;
- Постојната национална легислатива и системот на заштита на жени и девојки жртви на родово базирано насилство и семејно насилство и
- Известување за родово-базираното насилство.

3. Како што е посочено во Оперативниот план за 2021 година за реализирање на акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018-2023, Агенцијата е институција – партнерка при реализација на активноста: *„Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги" (одговорна институција е Влада на РСМ, а други субјекти се: МТСП, МЗ, МРТВ, ГО).*

Доколку Владата како носителка на оваа активност, предвиди кампања за 2021 година, Агенцијата, на нејзино барање, ќе соработува во рамките на своите капацитети и можности.

**Образложение**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство - Глас Против Насилство, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр.12-2100/1 од 28.05.2020 година, со кое се бараат информации од јавен карактер кои се наведени во точка 1 на диспозитивот на ова Решение, во врска со спроведувањето на активностите предвидени во годишниот оперативен план за имплементација на НАП-от за ИК за ноември и декември 2020 година и за 2021 година (јануари-мај).

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации, кои се наведени во точка 2 на диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19, бр.154/19, 42/20) и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 248/18), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

[2] Повеќе информации за работилницата се објавени на следниот линк: https://urlzs.com/XGTdh

("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.